Јавно претпријатие за комунални дејности
"КОМУНАЛЕЦ" "KOMÜNAL"
Бр.-Nr. 04-1191/6
07.08. 2025
Пласница-Plasnitsa

**ЈП КОМУНАЛЕЦ ПЛАСНИЦА**
**ОПШТИНА ПЛАСНИЦА**

=====================================================

Врз основа на член 45 од Законот за административни службеници (Службен весник на РМ бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и Службен весник на Република Северна Македонија бр.275/2019, 14/20, 215/21, 99/22 и 208/24) ВД Директорот Селаудин Шемоски на Јавното претпријатие за комунални дејности КОМУНАЛЕЦ Пласница, Општина Пласница на ден 07.08.2025 година донесе:

# ОДЛУКА

**За избор на кандидат за вработување на административен службеник по пат на јавен оглас број 698/2025**

1. За извршител на работното место Помлад соработник за правни и општи работи со шифра КДР0102В04016 во административно – стручна служба, по пат на јавен оглас бр.698/2025 се избира кандидатот **Александра Младеноска Цветаноски**.
2. Именуваниот ќе биде вработен на неопределено време за горенаведеното работно место, по конечноста на оваа одлука, за што ќе се донесе посебно решение за вработување.
3. Оваа одлука стапува на сила со денот на нејзиното донесување.

**Образложение**

Во врска со јавниот оглас 698/2025 објавен на ден 07.07.2025 година во дневните весници "Нова Македонија", "Слободен печат" и "Лајм", како и на веб страницата на Агенција за администрација за пополнување на работното место Помлад соработник за правни и општи работи со шифра КДР0102В04016 во административно – стручна служба – 1 извршител.

По однос на јавниот оглас формирана е комисија Комисијата за селекција за вработување по јавен оглас, со решение бр.10-1651/3 од 11.07.2025 година, и решение за изменување и дополнување на формирање на Комисија за селекција за вработување по јавен оглас бр.10-1651/5 од 04.08.2025 година.

Комисијата спроведе административна селекција за административен службеник и состави записник под број 10-1651/4 од 24.07.2025 година и спроведе испит за административен службеник и состави записник заведен под број 10-1651/6 од 04.08.2025 година.

На ден 05.08.2025 година Комисијата спроведе проверка на веродостојност на доказите и интервју за административен службеник и за истото состави записник заведен под бр.10-1651/ од 05.08.2025 година.

Со спроведената постапка од страна на Комисијата до Јавното претпријатие за комунални дејности КОМУНАЛЕЦ Пласница е доставена Конечна ранг листа на кандидатите од сите фази на селекција и Предлог за вработување на кандидати по јавен оглас заведена под бр.10-1651/8 од 05.08.2025 година.

Врз основа на предложената Ранг листа и Предлогот за вработување на кандидатите, за работното место Помлад соработник за правни и општи работи, ВД Директорот на Јавното претпријатие за комунални дејности КОМУНАЛЕЦ Пласница изврши избор како во диспозитивот на оваа одлука.

Правна поука: Против оваа одлука незадоволниот кандидат има право за поднесе жалба до Агенција за администрација во рок од 8 (осум) дена од денот на објавување на истата на веб страницата и на огласна табла на Агенција за администрација.

Да се достави до:

- Архива
- Именуваниот кандидат
- Агенција за администрација

**ЈП Комуналец Пласница**
**ВД Директор**
**Селаудин Шемоски**